РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-493/6
15-04-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 47-та седница, одржано на ден 09 април 2021 година, донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-4054/1 од 27.11.2020 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-4054/1 од 27.11.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4054/1 од 27.11.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

На ден 01.12.2020 година со Одлука на Надзорниот одбор на АД -----------, лицето ------------ е избрано за член на Управниот одбор и Генерален директор на АД -----------.

Претходно, наведеното лице било израно со мандат од пет години, со Одлука на Собранието на Република Македонија бр.08 - 3994/1 од 26.06.2018, објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 118/18.) за член на Регулаторна комисија за енергетика, од каде поднесува оставка.

При вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија на продолжението на 46 та седница одржана на ден 19.02.2021 година, утврди повреда на член 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето Куштрим Рамадани.

Согласно член 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(2) Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:

- да врши работи на управување или ревизија во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.

Според овој член, поранешниот член на РКЕ, ---------------- во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности во РКЕ, не може да врши работи на управување во правното лице АД ------------ со оглед на надзорната функција која ја има РКЕ врз овие тела, утврдена во член 206 став 4 од од Законот за енергетика според кој:

(4) Регулаторната комисија за енергетика врши надзор над работењето на вршителите на регулирани енергетски дејности како и на вршителите на енергетски дејносости на коишто им е наметната обврска за обезбедување на универзална односно јавна услуга, во согласност со овој закон.

Врз основа на член 114 став 3 од од Законост за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 47 став 2 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1, алинеја 7 од истиот закон.

При проверка во веб апликацијата Е-обврски е утврдено дека на ден 25.03.2021 година, лицето извршило уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TE KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК